# ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ
# 1992-2022

## За амбасадата

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ е основана на 29 април 1992 година во Скопје, и е прва регистрирана граѓанска организација за заштита на правата на детето во Република Македонија, со визија за Поправеден свет за секое дете!

Како една од малкуте организации со голема доверба меѓу граѓаните денес, МЕЃАШИ е синоним за правата и добробитта на децата. Со години, таа е една од организациите што граѓаните најмногу ја препознаваат, но и посветен партнер на бројни граѓански организации и иницијативи, мрежи, јавни институции, медиуми и компании од земјава и од странство.

## Контакт:


- 02/2465-316 - Меѓаши
- 071-399-079 - ИРО сектор
- 070-390-632 - АлоБушавко
- www.childrensembassy.org.mk
- info@childrensembassy.org.mk
- ул.Коста Новаковиќ 22а


Меѓаши е претпознатлива по големиот број активности, организација која е гласна за најгорливите општествени прашања кои ги засегаат децата. Партиски независна, со јасен увид во општествените проблеми и потреби благодарение на своите сервиси и конституенти секогаш е спремна да одговори на сите поголеми предизвици без разлика на моментното проектно портфолио.

**Сите идеали на светот побезначајни се од солзите на едно дете - Ф.М.Достоевски**

# Позначајни организациски постигнувања и заложби:

1. **АлоБушавко 070 390 632** линија за помош и поддршка на деца и млади со **32.683 дојави во 29 години постоење и делување**




2. **Над 1.500 написи во печат и 1.825 ТВ прилози** и гостувања во медиуми за **застапување на детските права** во јавноста и пред институциите (реакции, интервјуа, дебати...)

- **Застапување на правата на децата на улица и уличните деца** (Дневен центар за деца кои не посетуваат училиште 2005 - 2015; Стратегија и акциски план за детски права и поддршка на децата на улица/уличните деца , сервис за secondhand облека кој е достапен повеќе од 15 години за најранливите семејства).
- **Застапување на децата за здрава животна средина и чист воздух** (рекации, дописи, протести пред Дрисла, Усје, Влада, на различни локации во Скопје и во многу други градови низ Македонија)
- **Застапување за поголеми санкции за педофилите** пред јавноста и институциите со усвоени мерки за хемиска кастрација на повторителите на делата.
- **Застапување на правата на децата без родители** правото на децата да ги знаат своите биолошки родители преку поддршка на организацијата КЛИК Акција.
- **Застапување за промена на законот за семејство** преку поддршка на иницијативата за Заедничко и одговорно родителство по развод





2.000 деца се на улица

Shteti ua kthen kurrizin fëmijëve

Фантомски деца питаат низ земјава

Потпишан договор за партнерство меѓу МПМ


СОС-телефонот предупредува – насилството врз децата е двојно зголемено


Дневник

Осумнаесет илјади деца, наместо во училиште, питачат или чуваат добиток

3. **Мировно образование** како програма и активност која мобилизира, обучува и обединува над 150 професор(к)и во 6 града во Македонија













**4. Заштита на децата од воени судири и други непогоди**

- Војната во Југославија во 1992 – апел за згрижување на децата погодени од војната – над 60.000 мајки и деца беа евакуирани и згрижени во Македонија.
- Косовска криза – работа во 5 кампови за помош на децата погодени од војната.
- Конфликтот во Македонија 2001 година – отварање на прво прифатилиште за згрижување на 16 внатрешно раселени лица.
- Војна во Сирија и работилници со децата бегалци во кампoвите на Табановце.
- над 500 деца беа опфатени во летните кампови за поддршка на децата погодени од војна.
- Големата поплава 2016 година во скопските села Стајковци, Сингелиќ, Арачиново и Смилковци. МЕЃАШИ заедно со волонтери, педијатри, дерматолози...помагаа на децата во поплавените подрачја, 15-тина дена, колку што траеше вонредната состојба.









5. **Алтернативни извештаи**

- **Детски алтернативен извештај за состојбата со правата на децата** поднесен до Комитетот за правата на детето при ООН на 30 октомври 2020 и презентиран на 88-та пред сесија на Комитетот во февруари 2021.
- **Алтернативен извештај за состојбата со правата на децата** подготвен од Македонската национална коалиција за правата на детето.






6. **Промовирање на волонтерството** и вклучување во активностите (над 1.300 волонтери со над 700.000 работни часа)














7. **Бесплатни детски работилници** посетени од 2000 деца во периодот од 1994 до 2009 година и над 5.550 ученици вклучени во активностите на Детската амбасада Меѓаши.





*Она што сме го направиле за себе, умира заедно со нас; Она што сме го направиле за другите, останува бесмртно.*

*(Алберт Пике)*



# АлоБушавко – телефон за деца и млади 070 390 632

Претходно познат како СОС телефон за деца и млади, АлоБушавко нуди психо-социјална поддршка за децата и младите и за возрасни на разни теми поврзани со децата. Линијата најпрво започнува со работа во 1993 година како одговор на многуте дојави за прекршување на детските права. АлоБушавко е пријател на децата кој е достапен во секое време за големи и мали проблеми, за дилеми, прашања и предизвици со кои се соочуваат децата и младите. Тимот на АлоБушавко го сочинуваат психолози, педагози, социјални работници, наставници и волонтери. Континуитетот во работењето на оваа линија е многу значаен за Првата детска амбасада во светот Меѓаши и срекни сме што со поддршка на многуте компании, институции и граѓани непречено работи до денес.

Податоци за дојави од последниот годишен извештај за 2021 година:










Табела 3: Вкупен број на деца/млади засегнати по категории на проблем за периодот од јануари до декември 2021

| Категорија на проблем | Вкупно |
|---|---|
| Семејни односи | 207 |
| Повреда | 168 |
| Пристапност | 108 |
| Ментално здравје | 76 |
| Училиште | 33 |
| Дискриминација и ексклузија | 15 |
| Исчезнати деца | 13 |
| Физичко здравје | 10 |
| Сексуалност | 4 |
| | |
| Вкупно | 634 |

Табела 1: Деца/млади на кои се однесува случајот, според возрасната група, разделени по пол

| Возраст | Машки | Женски | Неопределени | Непознато | Вкупно по возраст |
|---|---|---|---|---|---|
| 00 - 03 | 20 | 27 | 0 | 1 | 48 |
| 04 – 06 | 29 | 23 | 0 | 0 | 52 |
| 07 – 09 | 30 | 29 | 0 | 1 | 60 |
| 10 – 12 | 45 | 21 | 0 | 2 | 68 |
| 13 – 15 | 27 | 33 | 0 | 2 | 62 |
| 16 – 17 | 17 | 18 | 0 | 0 | 35 |
| 18 – 25 | 7 | 4 | 0 | 5 | 16 |
| 25 + | 2 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Непознато | 21 | 20 | 0 | 64 | 105 |
| **Вкупно по пол** | **198** | **176** | **0** | **75** | **449** |







070 390 632

# Јавни реакции за заштита на децата и нивните права

Тимот на Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги следи јавните политики и случувања и реагира по добиени дојави за прекршувања на правата на детето. Во текот на своето 30 годишно работење имало повеќе од 1.500 написи во печат, јавни реакции и над 1.825 ТВ настапи со кои е направен притисок врз институциите за поголема ажурност, одговорност, претпазливост и посветеност во работењето поврзано со децата и нивните права.




## Сервис за secondhand облека 02/2465-316

Сервисот за помош и поддршка на социо-економски ранливи категории функционира повеќе од 10 години во рамките на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Благодарение на донациите од локалното население можеме да помогнеме со облека и обувки на оние кои имаат потреба. Во текот на еден месец овој сервис генерира по 20 донации во облека и обувки додека околу 100 лица месечно доаѓаат и бираат од донираната облека и обувки. Во 2021 година во рамките на овој сервис се донираа и пекарски производи благодарение на обезбедените донации од бурекџилницата Ваташа и пекарата Бредвеј.





## Сектор за истражување развој и одржливост – ИРО сектор

Претходно познат како сектор за промоција и оддржливост или сектор за фандрејзинг, денес главните активности се наочени кон организациски развој и одржливост. Секторот има разработена стратегија за финансиска одржливост 2022-2024 во која се дефинирани идните активности и цел на секторот. Во рамките на секторот разработен е и бизнис план чија цел е развој на социјално претпријатие.









## Клучни области за кои е потребна вашата поддршка

1. **АлоБушавко линија за помош и поддршка на деца и млади**. Донирај за континуирана 24 часовна поддршка на деца и млади.
2. **Застапување за правата на децата** и следење на состојбата со правата на децата, реакции на политиките и практиките кои се во спротивност со најдобриот интерес на детото. Донирај за уште поголема ажурност и мобилизација
3. **Сервис за поддршка на лица со низок социо-економски статус**, secondhand облека, храна, едукативни материјали... Донирај за обезбедување поголем број донации и опслужување поголем број корисници.
4. **Социјално претприемништво** (развој на секторот за истражување, развој и одржливост и инклузија на ранливи категории во работењето). Од месец ноември 2022 година секторот започнува со работно ангажирање ранливи категории. – Донирај за побрз развој и поголема инклузија
5. **Добри услови за работа**. Донирај за санација на зградата и работните простории во кои работи тимот на ПДАС Меѓаши
6. **Кризен фонд за итни интервенции**, пожари, поплави, земјотреси и други катастрофи. – Донирај во кризниот фонд за брза мобилизација и соодветна намена на средствата.
7. **Општа поддршка за целокупната работа на организацијата**

**Мисијата на Детската амбасада МЕЃАШИ** е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

## Начини на донирање или поддршка на некоја од клучните области

1. **Копче донирај** – www.childrensembassy.org.mk – поддршка на целокупната работа на Меѓаши
2. **Купи производ** – www.bushavko.mk – поддршка на целокупната работа на Меѓаши
3. **Кутии за донација** поставени во маркети – поддршка на целокупната работа на Меѓаши
4. **Со пополнување на формуларот за поддржувач** – Конкретна подршка на некоја од претходно наведените области и праќање на нашата меил адреса iro@childrensembassy.org.mk
5. **Донација од облека и обувки, храна и хигиенски средства или училишен прибор** директно во просториите на ПДАС Меѓаши.
6. **Стани наш редовен поддржувач** со месечни уплати преку пополнување на формуларот и праќање на нашата меил адреса iro@childrensembassy.org.mk
7. **Друг вид на донација**

Веб-сајт на Меѓаши
www.childrensembassy.org.mk

Веб-продавница
www.bushavko.mk

АлоБушавко линија
www.alobushavko.mk

# Формулар за поддржувачи на Првата детска амбасада во светот Меѓаши

Контакт: ☐ Физичко лице ☐ Правно лице (бизнис, организација)

______________________________________________________________________________________________

(Име) (презиме) или Име на орг. ако е правно лице:

______________________________________________________________________________________________

Позиција:

Адреса: ___________________________________________________________________________

(град) (држава/земја) (поштенски број)

Телефон: __________________________________ Е-пошта: ______________________________________

Со вашата донација ќе станете дел од ѕидот за препознавање на донатори (во евра)

☐ Над 500,оо ☐ Над 1.000,оо ☐ Над 3.000,оо ☐ Над 5.000,оо

☐ Над 10.000,оо ☐ Над 30.000,оо ☐ Нов донатор

Сакам да дадам донација од ☐ $ ☐ € или ☐ денари: _____________ (со зборови) ___________________

Што ќе ја исполнам ☐ еднократно или за период од ☐ 1 година ☐ 2 години ☐ 3 години

Почеток на (датум): ______________________________ година

☐ еднократно ☐ месечно ☐ квартално ☐ полугодишно ☐ годишно

во форма на ☐ безготовинска банкарска уплата ☐ Друго: ______________________________ (ве молиме наведете)

☐ Сакам да останам анонимен/анонимна

☐ Сакам да бидам претставен/а со следново име: ______________________________

**Сакам мојата нова донација да поддржи:**

☐ Да ја финансира работата на АлоБушавко линијата за деца и млади;

☐ Да го финансира застапувањето на правата на децата;

☐ Да го финансира работењето на сервисот за поддршка на ранливи категории;

☐ Да го финансира развојот на социјалното претприемништво и инклузија на ранливи категории во работењето;

☐ Да ја финансира санацијата на зградата и просториите во кои работи тимот на Меѓаши;

☐ Да се финансира остварување, промоција и подршка на организацијата, со цел да се задоволат нејзините јавно декларирани, јавно утврдени потреби и цели или да се решат одредени проблеми, согласно статут, план и програма на организацијата.

☐ Друго: _________________________________________________________________________________

(напишете ја вашата желба)

☐ Се согласувам моите лични податоци да се употребат исклучиво за спроведување на донацијата преку договор за донација прецизирана во формуларот и за никаква друга намена

## Благодариме за одвоеното време и за донацијата

**За прашања поврзани со формуларот може да се јавите на телефонскиот број 071-399-079 или да пишете меил на iro@childrensembassy.org.mk**